**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6252 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање."*
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  *„(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања."*
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  *„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

## 6. Констатации од надзорот:

### Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик

*Дневно-информативни емисии*

Не беше достигнат минималниот аналитички примерок од 2 часа. Во периодот од 21 до 30 ноември, евидентирани се вкупно – 1 час 22 минути и 36 секунди новинарски прилози за внатрешно-политички и за други актуелни општествени теми, емитувани во централните изданија на радио-дневникот од 16:30 часот, продуциран од Радио Слободна Македонија.

*Посебни информативни емисии*

*Дебати*

На 21 ноември, од 11 часот, изданието на „Кворум" е реализирано како дебата помеѓу Виктор Грозданов, претставен како (цитат): *„поранешен претседател на Асоцијацијата на приватните медиуми"* - иако гостинот во текот на дебатата сам се легитимира и како претставник на партијата ГРОМ, што е дел од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ, и Љубиша Николовски, новинар на ТВ Нова. Основната тема се – предвремените парламентарни избори, а нагласка се става врз програмските потенцијали и изборната реторика на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ, земени како главни ривали во изборниот процес, потоа - проблемите со прочистувањето на избирачкиот список, статистиките од истражувањата на јавното мислење за (не)определеноста на гласачкото тело, работата на Специјалното јавно обвинителство, и предвидувањата за текот на општествените процеси по завршувањето на изборите.

*Интервјуа*

На 23 ноември, од 11 часот во емисијата „Круг" емитувано е четириесет и пет минутно интервју со (цитат): *„политичкиот аналитичар"* Никола Србов. Основна тема е - досегашниот предизборен настап на коалициите предводени од опозициските СДСМ и ДС, и Коалицијата обединета од ВМРО ДПМНЕ. Водителот го започнува интервјуто со своја теза - на која, конечно, се сведува и целата содржина на интервјуто (цитат, даден без лектура и без интервенции во синтаксата): *„Два дена поминаа, меѓутоа веќе контурите на кампањата се отцртуваат, веројатно во фокусот на оваа кампања сепак ќе биде она што се наговестуваше пред почетокот, а тоа веројатно ќе биде оној став на опозицијата којшто го наметна лидерот на опозицијата непосредно пред кампањата, а тоа е процесот на, или неговата идеја како да ја редефинира Македонија, и ставовите за воведување двојазичност, веќе а ДУИ вчера на презентацијата на својата програма најави дека нивна агенда исто така ќе биде ова прашање. Така што, ајде да почнеме од овој сегмент, се чини дека сепак ќе биде главен фокус на оваа изборна кампања."* Гостинот, пак, дава неколку предизборни примери како поткрепа на забелешката за (цитат): *„некој синхронизиран настап помеѓу ДУИ и Социјал-демократскиот сојуз околу тоа прашање"*, па оттаму и неговиот заклучок дека (цитат): *„Заев се наоѓа во ситуација кога знае дека ќе ги изгуби изборите, и сега, човек кој губи што да направи сем да повлече што повеќе со себе и на противникот да му наштети колку може додека паѓа надоле"*, односно (цитат): *„Очигледно него не го интересираат контурите на државата, очигледно не го интересираат. Тој сега знае дека ќе изгуби и единствена цел му е да ги уништи позициите на македонската партија која ќе треба да прави влада со една од албанските партии. Која друга партија освен ВМРО ДПМНЕ, која и вака и*

*така ќе ги однесе изборите, ќе ја однесе победата на изборите, само е прашање со колкав број на пратеници. Е сега, ВМРО ДПМНЕ се залага да има 63 пратеника за никој да не ги уценува утре."*

На 24 ноември, од 11 часот во емисијата „Бројки", направено е получасовно интервју со Живко Митревски, претседателот на Сојузот на синдикатите на Македонија, а основните мотиви за интервјуто се поставени на следниов начин (цитат): *„Смена на синдикалниот лидер Живко Митревски побара министерката за труд Фросина Ременски. ССМ одговори – Ременски ја злоупотреби својата положба, поднесе фалсификуван документ и поради тоа ќе поднесеме кривична пријава. Има ли правна основа за смена на претседателот на ССМ?"*

На 25 ноември, од 11 часот, основната тема на актуелно-информативната емисија „Пулт" е иста со онаа од емисијата „Круг" емитувана на 23 ноември, а во овој случај е воведена на следниов начин (цитат): *„Првите пет дена од официјалната предизборна кампања ги одбележаа темите околу можната федерализација, воведување двојазичност, уставни измени, за кои во неколку наврати говореше лидерот на СДСМ Зоран Заев. Последниот негов јавен настап на оваа тема пред албанската дијаспора во Берн во Швајцарија, предвизвика бурни реакции во домашната јавност. Од ВМРО ДПМНЕ обвинија дека гласот за СДСМ е глас за поделба на државата и побараа доверба со 63 пратеници за да ја сочуваат унитарноста. Ова ќе биде наша тема, во „Пулт" денеска ќе разговарам со Бошко Станковски, магистар по меѓународни односи на Кембриџ, со теза која се однесува на меѓународно-правните аспекти на независноста на Косово, кој во моментов работи на својот докторат на Кембриџ, на една општа тема – процес на отцепување и креирање на нови држави"*. Третманот на вака поставената тема за интервју не произлегува од дневно-политички мотиви, туку - стручно, со академска аргументација што гостинот ја извлекува пред сè од аспект на историјата и практиката на меѓународното право, и со политиколошки осврт врз значењето на „Охридскиот рамковен договор".

На 26 ноември, од 11 часот, во актуелно-информативната емисија „Радио полиграф", емитувано е интервју со Владимир Божиновски, претставен како (цитат): *„политиколог и аналитичар"*. Теми се: изборната реторика од организираните партиски собири и можното влијание врз гласачкото тело, понудата во партиските програми, и толкување на гласачките тенденции покажани во досегашните истражувања на јавното мислење.

На 28 ноември, од 11 часот во емисијата „Кворум", реализирано е интервју со Љупчо Пренџов, (цитат): *„шефот на централниот и извршен одбор на партијата ГРОМ"*. Тема на интервјуто е – досегашниот тек на изборната кампања, со критички акцент врз предизборните ставови на Зоран Заев и на Радмила Шекеринска како челници на опозицискиот СДСМ и предводници на Коалицијата обединета околу оваа партија.

На 30 ноември, гостин во емисијата „Круг" од 11 часот е – Ристо Никовски, а содржината на целото интервју е варијација на истата тема која Никовски ја третира во својата авторска емисија на Радио Слободна Македонија (опишана подолу во извештајов), емитувана на 25 ноември со почеток од 17 часот: Критика на наводните ставови на Зоран Заев (СДСМ) за *„федерализација на Република Македонија"*.

*<u>Други информативни програми</u>*

На 22 ноември, од 17 часот изданието на актуелно-информативната емисија „Поента" за тема го има (цитат, без лекторски и синтаксички интервенции): *„Зоран Заев во улога на класичен политички пироман и авантурист - од проста причина што лидерот на СДСМ се вброи во групата политичари коишто можат слободно да се наречат политички пиромани, со оглед на фактот дека во изминативе недела дена Зоран Заев преку швајцарската дијаспора ги презентираше најлудничавите, меѓутоа и опасни политички тези што воопшто се слушнати на македонскиот политички простор. Со вие налудничави но и опасни политички тези коишто се испласирани од негова страна така ноншалантно и на ѓутуре, без грам политичка одговорност за тешките последици по сите нас, буквално Заев е на добар пат да ја распламти нацоналната нетрпеливост во државата и да го поттикне меѓуетничкиот раздор, секако на*

*лоша сметка за сите нас. Целта на ваквото политичко однесување на лидерот на СДСМ е одамна осуетена, добро позната на јавноста, бидејќи станува збор за политички план кој странскиот фактор којшто е сега затскриен зад црпнатиот Заев смета дека сега му е мајката да го реализира или да го реализира или финишира до крај, бидејќи самите тези за воведување на двојазичност на цела територија на Република Македонија, во пакет со идејата за федерализација, односно кантонизација на државата, не е план и не е проект којшто е стокмен сега или денес. Се работи за одамна создаден проект против државата кој долги години чекаше вистински момент за реализација, или јас велам чекаше во заседа да се пронајде некој македонски лик со месијанистички карактер за да се пушти во акција. И нормално, се чекаше на некој македонски политичар предавник, кој за власт е подготвен да продаде сè, да продаде цела држава ако треба. Странскиот фактор чекаше на ваков таканаречен предводник, кој ќе влезе во авантурата на политичката криза во земјата и на кого буквално нема да му биде проблем да го фрли вирусот на предавништвото кој треба да донесе неповратен процес на распарчување на Република Македонија, бидејќи никако поинаку не можат да се објаснат овие опасни политички тези коишто ги слушнавме од Заев преку споредбата на политички план на нашата земја со швајцарската конфедерација којашто, само да потсетам, ваквата споредба беше актуелизурана уште пред неколку години од страна на неколку мрачни ликови од македонската транзиција или мрачни политичари од времето на македонската транзиција, од кои еден за жал е и универзитетски професор."*

Потоа се дадени политиколошки и историски паралели во прилог на некомпатибилноста помеѓу уставното уредување на Република Македонија и „*швајцарскиот кантонален модел на уредување*", како и споредби на изборната кампања на коалициите предводени од ВМРО ДПМНЕ и од СДСМ, со вулгарно навредливи и клеветнички заклучоци што грубо ги прекршуваат начелата и стандардите за професионално медиумско работење, опфатени со членот 61 (посебно алинеите - 1, 2, 3, 6 и 9) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој е, во суштина – сублимат на Кодексот на новинарите. Во прилог на ова, посочуваме неколку илустративни цитати: „*Во услови кога опозицијата практично нема што квалитетно да им понуди на граѓаните, таа нема друга опција освен да посегнува по негативна кампања, по мизерни политички тези од кои му се превртува во стомак на секој Македонец. Заев нема друга алтернатива освен да биде што е можно понегативен за да ја прикрие својата слабост, но и сопствената бесперспективност. Токму затоа СДСМ се здружи со сите оние што ВМРО ДПМНЕ не ги ни погледнува, а камоли да соработува со нив, се здружи со криминалното подземје кое знае само како се прави криминал, како се играат незаконски игри, како се прават разноразни сплеткарења, уцени, закани по живот, убиства, крв и злоба. Првите другари на Заев се луѓе со тешки криминални досијеа, и првите пајташи на Заев се манипулатори par excellence, се кој-од-кој би рекол обичниот граѓанин, всушност не може ни да се очекува некакво поинакво друштво, поинакво опкружување околу Заев ако се има предвид дека токму лидерот на СДСМ е манипулатор број 1 во државата, кој сака преку продавање на пуфки во политиката да стане прв човек на државата, преку негирање на сопствениот народ да биде предводник на тој народ што го негира, преку плукање и газење на македонската историја и традиција, да биде некаков самопрогласен промотор на македонската држава, што е контрадикторност par excellence, и затоа често велам дека Зоран Заев е вистинска политичка карикатира, колку повеќе се соблекува пред граѓаните со своите политички тези, толку повеќе ја гледаме неговата политичка беда. Второ име на господинот Зоран Заев е – контрадикторност во движење, или Зоран е контрадикторност во движење, човеков е вистински политички уникум кој не знам дали ќе има некој што ќе може да го надмине на политичката сцена, бидејќи ваков квази политичар мајка ми се чини повеќе не раѓа, а македонската нација нема да си го дозволи – тоа сум сигурна. Оттука мислам дека акцентот на прашањето – каква кампања можеме да очекуваме во наредните 19 дена, не треба да биде ставен на тоа дали кампањата ќе биде позитивна или негативна, туку дали ќе биде нормална или тотално забегана.*"

На 24 ноември, изданието на емисијата „Радио бурек" е едночасовен коментар мотивиран од контрастно прикажаното двојство на тековните политички изборни понуди: власт / опозиција, со авторска

проекција на водителот на емисијата за можните општествено-политички исходи од тие понуди, сфатени како концепти за потенцијално политичко уредување – унитарност наспроти федерализам.

На 25 ноември, од 17 часот, во емисијата „За дипломатијата со Никовски", основната тема е поставена на следниов начин (цитат): „*Темата на оваа денешна емисија се изјавите на лидерот на опозицијата во Швајцарија, од каде, да не одиме во сите детали, ни поpача две клучни работи – првата, посуштинската, е потреба да се надградува Охридскиот рамковен договор. Еве, еве што тој таму точно кажа.*" Но, наместо да посочи цитати, Никовски, авторот на емисијата – прекажува наводни ставови на Зоран Заев (СДСМ), без да посочи од каде се преземени исказите врз кои потоа ја гради својата анализа. Целата емисија е посветена на оваа тема, но за илустрација, нека послужи следниов цитат од Никовски, даден без лекторски/синтаксички интервенции: „(...) *Мора да се оди преку него, преку Охридскиот рамковен договор, доколку сме верувале во еднаквоста и рамноправноста. Тој нагласил* (се мисли на Заев – з.н.), *дека Рамковниот не бил доволен и требало да се напуштаат рамките, значи тој да се надградува, и додава – зошто во XXI век, 25 години независна Македонија да има рамки на ограничувања.* (...) *Почитувани, тоа е изјава на лаик, кој не разбира ништо од политиката, кој можда знае нешто за општина и слично, меѓутоа ништо подалеку, бидејќи ако малку повеќе знае, ако следи што се случува со оваа држава 25 години, ќе му било јасно дека Охридскиот рамковен договор, кој е всушност мировен договор, по последната војна наметната од САД, извезена односно увезена кај нас од Косово, со цел да се руши македонската нација, македонскиот народ и македонската држава, и кога таа војна не успеа беше донесен Охридскиот рамковен договор, и знаете тој токму така се вика – рамковен, бидејќи треба да биде една основа која ќе ги залаже Македонците, а ќе биде основа за понатамошно разбивање на македонскиот карактер на оваа држава, со кој договор де факто веќе многу што од тоа и е направено. И бидејќи тоа е мировен договор во основата, мировните договори не се надградуваат, мировните договори не се преиспитуваат. Ако е така, зашто ние да не го поставиме прашањето на Букурешкиот мировен договор од 1913 година, и да бараме да се ревидираат, на пример, да се ревидира распарчувањето на Македонија.* (...) *Ние сега можеме да зборуваме само за менување на Уставот, кое за жал го поттикнуваат одредени сили, и да зборуваме за спроведување на законите. Тука сигурно има простор за подобрувања, меѓутоа не можеме да зборуваме за надградба на Охридскиот рамковен договор, бидејќи е тоа погубно за оваа држава и за овој народ. Тоа што на таа тема, на таа музика свират Албанците, тоа е разбирливо - нивната цел е да оваа држава стане, да се албанизира, да се федерализира, и да на тој начин тие божемски да станат рамноправни. Ние во продолженитето на оваа емисија ќе објасниме поопширно и подетално сите тие заложувања нивни, бидејќи само ќе го спoредиме со случајот со Косово* (...) *Сега да ни биде сосема јасно, и да останеме без никакви дилеми, дека заложбите кои ги артикулираше Заев во Швајцарија се уништувачки за оваа држава, тоа некој велат – предавство - предавство е мал збор за такво нешто, тоа е доказ за целосно неразбирање на условите во кои живее и се одржува оваа држава, за условите во кои живее овој народ, значи тоа покажува еден дилетантизам од максимален карактер, и покажува нешто што нема скрупули и нешто што очајнички се обидува да ја добие власта во оваа држава. И затоа на 11 декември не смееме во никој случај да го дозволиме.*"

На 29 ноември, од 17 часот, во емисијата „Поента", чиј автор е проф. д-р Каракамишева-Јовановска, поставени се повеќе теми: - текот на изборната кампања; - првични резултати од испитување на јавното мислење спроведено од Брима галуп; - анализа на одредни аспекти од програмите на политичките партии; - формирањето Унија на општини, во кои влегуваат: Тирана, Прешево, Приштина, Улцињ и Тетово; односно (цитат) - „*политичките последици од нејзиното формирање*". Освен правно-политичката анализа на проф. д-р Каракамишева-Јовановска за Унијата на петте спомената општини, другиот дел од емисијата е сведен на црно-бел коментар за изборниот ривалитет помеѓу СДСМ / ВМРО ДПМНЕ, сфатени како носечки партии во предизборните коалиции. Правејќи споредби помеѓу политичките програми и организираните предизборни настапи на овие две партии и нивните коалициски партнери, авторката на емисијата експлицитно ја фаворизира Коалицијата обединета околу владејачката ВМРО ДПМНЕ (цитат, даден без лекторски / синтаксички интервенции): „*Инаку, двојната предност што граѓаните ѝ ја даваат на ВМРО ДПМНЕ пред*

*СДСМ, е поради најквалитетната политичка понуда што ВМРО им ја има понудено на граѓаните досега. Имено во политичката понуда на оваа партија што е наменета за изборите што следат, се чувствува една голема граѓанска енергија, се чувствува дека секој граѓанин може да се пронајде во неа и да има полза или конкретен интерес од нејзиното реализирање. Да не заборавиме дека посебно 2016 година, помина во едно постојано очекување да се одржат предвремените парламентарни избори, ВМРО ДПМНЕ постојано ги обелоденуваше своите клучни проекти, што придонесе во текот на целата година, што придонесе граѓаните да бидат во тек и да ја следат понудата на оваа партија и секако да дадат своја оценка за неа. Од друга страна, на поволниот рејтинг за ВМРО ДПМНЕ силно влијаеше и црната, односно негативна предизборна кампања што СДСМ ја форсира веќе две години во државата, а еве сега гледаме дека и во изборната кампања исто така се форсира таа негативна кампања. Целата партиска енергија во изминатите две години СДСМ ја насочи кон деструкција, кон пуштање на бомби, кон едно предавничко соработување со странски центри на моќ, негирање на Уставот, но и дестабилизирање на правниот и на политичкиот систем на државата, заедно со еден куп нереални ветувања коишто се содржани во нивниот 'План за живот во Македонија'. Понатака со антимакедонските тези и предлози коишто Заев ги даде во дијаспората во Швајцарија, на албанската дијаспора, кои дополнително ја искомплицираа политичката понуда во земјата."*

***Сектор за програмски работи***